ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 12-199/11

Дата: 13.12.2010

**ДО**
**ОПШТИНА ВИНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Виница за 2009 година.
При ревизијата беа земени во предвид и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година, при што е констатирано дека дел од препораките се спроведени но има и препораки по кои не е постапено. Постапено е по препораките кои се однесуваат на издавање на решенија за комунална такса за користење простор пред деловни објекти за вршење на дејност, примена на принципот на парично искажување на приходите и расходите, евидентирање на побарувањата за надомест за уредување на градежно земјиште и закупнини за издавање на деловен простор под закуп. По препораките кои се однесуваат на системот на редовна внатрешна сметководствена контрола и наплатата на надомест за уредување на градежно земјиште на рати, не е постапено и состојбата е идентична и во 2009 година.
За финансиските извештаи за 2009 година на сметката на основен буџет (630) на Општина Виница изразивме мислење со резерва во делот на вистинитоста и објективноста како и за усогласеност со закони и прописи.
Во процесот на пресметка на надоместокот за уредување на градежно земјиште нема воспоставено интерни контроли, а за извршената пресметка нема доказ, поради што постои ризик од неточно пресметување на надоместок за уредување на градежно земјиште и ризик од помалку наплатени приходи.
Со извршениот попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и старосната структура на истите.
И покрај донесениот ребаланс на Буџетот има значително отстапување од планираните и реализираните приходи и расходи.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

Во врска со издавањето на деловен простор под закуп, освен за спортско рекреативниот центар – градски базен и за користење на деловен простор во местото викано „Село„ во Исти бања, за другите објекти издадени под закуп нема спроведено постапка преку оглас за јавно надавање.
Ревизијата смета за потребно да истакне дека сметката на Општина Виница почнувајќи од 2001 година е блокирана. Со судско решение на општината и е одобрен месечен лимит на средства за покривање на најнеопходните трошоци.
За наредниот период, од сметката на Општината, доспеваат за извршување повеќе извршни судски решенија на вкупен износ од 9.956 илјади, што претставува 23,24% од реализираните приходи на општината за 2009 година. Таквата состојба не дозволува целосно и нормално остварување на надлежностите на општината.
За надминување на проблемите околу финансиската состојба во општина Виница не е започната посебна постапка и не е формирана Комисија за надминување на финансиската нестабилност на општината.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 10 и 11 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Виница за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Виница за 2005 година. Изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на општина Виница под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, а е изразено мислење без резерва за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Марјан Костадинов, градоначалник до 31.03. 2009 година, и
- Емил Дончев, градоначалник од 01.04. 2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на општина Виница за 2009 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како потврда на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.07.2010 до 19.07.2010 година, кај Општина Виница од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од 2005 година - спроведување на препораките**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година.



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* ____________________________ ______________________

## 4. Наоди и препораки

Неправилностите кои се предмет на овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица и раководителите на поодделни сектори на Општина Виница, на 02.09.20010 година.
На ден 16.11.2010 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 12-199/3 од 18.10.2010 година од поранешниот градоначалник и забелешки број 05-368 од 16.11.2010 година од актуелниот градоначалник. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Во процесот на пресметка на надоместокот за уредување на градежно земјиште нема воспоставено интерни контроли. Откако ќе се изготви пресметката за утврдување на нето корисната површина на објектите кои ќе се градат истата не се парафира од лицето кое ја изготвило и лицето кое извршило контрола и не се приложува во досието како доказ. Поради тоа постои ризик од неточно пресметување на надоместокот за уредување на градежно земјиште и ризик од помалку наплатени приходи.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да пропише процедура за пресметка на надоместок за уредување на градежно земјиште со која ќе се утврди и минимум документи кои треба да се содржани во секое поединечно досие за утврдување и наплата на надоместокот.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со извршениот попис на побарувањата, не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и старосната структура на истите. Неправилното спроведување на пописот на побарувањата е резултат на не постапување согласно членот 31 в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со кој е регулирано дека пописот на побарувањата се врши според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните

состојби. Ваквиот начин на постапување придонесува за можност од нереално прикажување на побарувањата и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Градоначалникот при донесување на решението за вршење попис, Комисијата да ја задолжи да врши попис на побарувањата во функција на утврдување на нивната правна основа и старосна структура, со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата.

4.2.2. Општина Виница со Буџетот за 2009 година има планирано приходи и расходи во износ од 56.989 илјади денари. Во 2009 година се реализирани приходи во износ од 42.832 илјади денари, расходи во износ од 41.004 илјади денари и е остварен вишок на приходи во износ од 1.828 илјади денари. Приходите се остварени со 75% во однос на планираниот износ, а расходите со 72%.

Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, во согласност со закон, а согласно членот 36 од Законот за буџетите, доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Во текот на 2009 година извршен е ребаланс на буџетот но и покрај тоа истиот на крајот на годината не е остварен во утврдените износи.

Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи и расходи се должи на нереалното планирање и не почитување на реалните можности на општината и историските податоци и го нарушува принципот на добро менаџерско управување.

**Препорака:**

Одделението за финансирање и буџет:

- планирањето на буџетските приходи и расходи да го темели на реалните состојби и можности и податоците за остварувањата во претходните години;
- во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, а советот на Општината да донесе ребаланс на Буџетот.

4.2.3. Сметката на општината е блокирана од 2001 година, со судски извршни решенија за наплата на стари неизмирени обврски наследени од минати години.

Со оглед на тоа што се исполнети условите за финансиска нестабилност, согласно член 39, Министерството за финансии за надминување на проблемите околу

финансиската состојба во Општина Виница нема започнато посебна постапка и нема формирано Комисија за надминување на финансиска нестабилност на општината. Таквата состојба не дозволува целосно и нормално остварување на надлежностите на општината.

**Препорака:**

-Градоначалникот и советот на општина Виница да ги утврдат реалните можности за надминување на финансиската нестабилност и да изготват План на мерки и активности за надминување на состојбата и редовно да го известуваат Министерството за финансии за преземените мерки и активности во насока на трајно деблокирање на сметката.

-Министерството за финансии доколку општината не ја надмине настанатата состојба да преземе мерки согласно законските одредби.

**4.3. Финансиски извештаи**

4.3.1. Со ревизијата на утврдување и наплата на даночните приходи и комуналните такси е утврдено дека:

-надлежните служби на Општина Виница имаат преземено активности за формирање на регистри за даночните обврзници по основ на данок на имот но согласно законската регулатива, не извршиле усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности на Република Македонија што не е во согласност со член 39 точка 2 од Законот за даноците на имот, што се одразува на комплетноста на податоците.

-комуналната такса за фирма се утврдува врз основа на база во која се опфатени и фирми за кои општинската администрација нема обезбедено податоци за статусот на истите, дали работат, имаат сметки, постојат како правни лица или не. Ова се должи на фактот што општина Виница од преземањето на базата на податоци од Управата за јавни приходи во 2006 година, нема извршено усогласување со базата на правни лица евидентирани во Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи. Неусогласениот регистар придонесува за постоење ризик од некомплетни податоци и не целосни приходи по овој основ и има влијание на реалноста на побарувањата.

**Препорака:**

Даночното одделение на Општина Виница да изврши:

- усогласување на базата на податоците за обврзниците на данок на имот со податоците од Агенцијата за премер и катастар на недвижности и
- усогласување на податоците за комунална такса за фирма со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи.

4.3.2. Во врска со издавањето на деловен простор под закуп, освен за спортско рекреативниот центар – градски базен и за користење на деловен простор во местото викано „Село„ во Исти бања, за другите објекти издадени под закуп нема спроведено постапка преку оглас за јавно надавање. Склучување договори за закуп без спроведена постапка преку оглас за јавно надавање не е во согласност со членот 67 од Законот за локална самоуправа и има за последица нетранспарентност во постапките за издавање на општински имот под закуп и можност за нереални закупнини и помалку приходи во буџетот на општината.
**Препорака:**
Советот на Општина Виница да донесе акт со кој ќе се дефинира постапката за располагање со општинскиот имот.

4.3.3. Општина Виница за 2009 година нема остварено приходи од надоместок за одржување на јавна чистота што не е во согласно со членот 24 и 25 од Закон за јавна чистота. Советот на општината има донесено Одлука за утврдување на обврската, висината и начинот на плаќање на надоместокот за одржување на јавната чистота во 2008 година со која е утврдено плаќање на надоместок за одржување на јавна чистота. Наплатата на надоместок за одржување на јавна чистота ја врши ЈП „Солидарност„ Виница кое е должно прибраните средства месечно да ги трансферира на сметката на општината. Оваа одлука во делот на обврската за трансферирање на прибраните средства на сметката на општината не се применува поради континуирано блокирана сметка, и има за ефект помалку наплатени приходи на општината.
**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Виница да преземе мерки за доследна примена на Одлука за утврдување на обврската, висината и начинот на плаќање на надоместокот за одржување на јавната чистота

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизија врз Билансот на состојба е зголемување на вкупната актива и пасива за 2.057 илјади денари, и тоа:

- зголемување на состојбата на побарувањата по основ на данок на имот во износ од 1.275 илјади денари и комунална такса за истакната фирма во износ од 1.751 илјади денари или вкупно зголемување за 3.026 илјади денари со истовремено зголемување на Пасивните временски разграничувања;
- намалување на побарувањето од ЕВН Македонија по основ на надоместок за

комунална такса за улично осветлување за износ од 969 илјади денари со истовремено намалување на Пасивните временски разграничувања, поради евидентирано побарување без веродостоен документ, туку на основа претпоставка за износот на побарувањето.

## 5. Ревизорско мислење

Врз основа на изнесеното во точките 4.2.1. и 4.3. а кои се однесуваат на неправилно спроведениот попис на побарувањата, неажуриран регистар за комунална такса за фирма, издаден имот под закуп без законска процедура и не остварување на приходи по основ на надомест за одржување на јавна чистота, ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на 31 декември 2009 година.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2.1. и 4.3. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Виница на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2.1., 4.2.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Виница, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

Обрнуваме внимание дека Општина Виница е тужена странка од еден субјект правно лице, по основ на долг во износ од 3.560 илјади денари.
Во моментов, конечниот исход по ова прашање неможе да се утврди, и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 06. 12. 2010 година



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

ОПШТИНА ВИНИЦА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 23.696 | 31.685 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 1.787 | 1.835 |
| Капитални приходи | 3.3. | 865 | 771 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 16.484 | 18.729 |
| **Вкупно приходи** | | **42.832** | **53.020** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 14.602 | 11.836 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 464 | 318 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 16.659 | 13.711 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 1.970 | 14.715 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 353 | 200 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **34.048** | **40.780** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **6.956** | **11.521** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **41.004** | **52.301** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1.828** | **719** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

1. ______________________________
2. ______________________________

______________________

ОПШТИНА ВИНИЦА

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.828 | 719 |
| Побарувања | 4.1.2. | 26.339 | 23.777 |
| **Вкупно тековни средства** | | **28.167** | **24.496** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **28.167** | **24.496** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 28.167 | 24.496 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **28.167** | **24.496** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **28.167** | **24.496** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ _______________________

Република Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр. 05-368
16.11. 2010 год.
ВИНИЦА

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул.Македонија 12/3
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 18.11.2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 12 | 199/10 | | |

Предмет:Забелешки по Нацрт-извештајот

Во врска со доставените Нацрт-извештаи на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на Општина виница за 2009 година доставени со Ваше писмо бр.12-199/7 од 18.10.2010 година Ви ги доставуваме следните забелешки:

**-Сметка на основен буџет (630)**

**4.1.1.**По укажувањето на Овластениот државен ревизор, во 2010 година Одделението за уредување на градежно земјиште започна при утврдувањето на нето корисната површина на објектите кои ќе се градат, да постапува по истото.Пресметката се парафира од лицето кое ја изготвува и лицето кое врши контрола и се приложува во досието како доказ.

**4.3.1.**Надлежните служби не се согласуваат со наодот на Овластениот државен ревизор дека :

- од преземањето на базата на податоци од УЈП во врска со данокот на имот не се вршени усогласувања на состојбата на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар;
- нема извршено усогласување со базата на правни лица евидентирани во Централниот регистар на РМ и Управа за јавни приходи ;

Усогласувањето на состојбата на недвижниот имот со Регистарот на Агенцијата за премер и катастар се врши **тековно и по потреба** и тоа со спроведувањето на купопродажни договори , договори за наследство и подарок на недвижен имот.

Иако согласно член 12 став 1 од Законот за комуналните такси Даночното одделение нема таква обврска, бидејќи обврзникот на таксата е должен во рок од 15 дена од денот на настанувањето на обврската или настаната промена за тоа да поднесе пријава до општинската администрација а согласно член 12 став 2 од истиот закон Градоначалникот со решение ќе ја утврди висината на таксата во годишен износ и ќе го задолжат обврзникот да ја плати таксата во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението, сепак секоја година врши усогласување на пријавени и одјавени правни и физички лица кои вршат дејност со Управата за јавни приходи. Податоците за сите активни правни и физички лица кои обавуваат дејност се достапни и на веб страната на УЈП.Додека помеѓу Општина Виница и Централниот регистар е склучен и Договор уште во 2007 година за користење на податоци од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

**-Сметка на основен буџет (637)**

**4.2.2.**Во врска со укажувањето наведено во оваа точка а кое се однесува за

лицата кои се ангажирани преку 2 агенции за привремено вработување ,истакнуваме дека во 2010 година дел од нив се во редовен работен однос а за останатите постапката за редовно вработување е при крај.

**4.3.1.**За дел од извршените трансфери до невладини организации, Советот има усвоено Програми и тоа за :ОО на Сојуз на борците-Виница, ОО на Црвен крст-Виница и за ЦПЛИП Порака-Виница (во прилог Ви ги доставуваме ).

**4.3.2.**По предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Виница на седницата одржана на 29.10.2010 година донесе Правилник за утврдување на критериумите, условите, постапката и висината за доделување на парична помош

**4.3.3.**Набавените градежни и електро материјали во износ од 1.722.000 денари согласно извршените јавни набавки се однесуваат на :бехатон плочки,бетонски ивичњаци,песок,цемент и електроматеријали за јавно осветлување.Бидејќи вградувањето на горенаведените материјали го вршеле лица вработени во Општина Виница и лица ангажирани по договор на дело, а под постојана контрола на вработените во Општина Виница (Киро Довичински,Стојмир Јованов и Владимир Атанасов) не се правени градежни книги ,дневници и записници.Истоварот на материјалите е вршен на локациите каде што се вградувани за да се избегнат трошоците од повторен утовар и истовар на истите, но секогаш со надзор и контрола од вработени во општината.

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

**4.1.1.**По предлог на Градоначалникот ,Советот на Општина Виница на седницата одржана на ден 30.09.2010 година донесе Критериуми за распределба на наменски дотации во областа на основното образование.

16.11.2010 год.
Виница

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Емил Дончев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВИНИЦА

До главен државен ревизор
Тања Таневска

Од Марјан Костадинов
поранешен градоначалник
на општина Виница

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 16.11.2010

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 12 | 199/9 | | |


# ЗАБЕЛЕШКИ И КОМЕНТАРИ

на нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија за 2009 год. за Општина Виница

Напомена : Забелешките и коментарите се однесуваат на деловите во време на мојот мандат

Пред да дадам некаков коментар или забелешки за одредени констатирани неправилно спроведени постапки би сакал дадам еден општ коментар.

Општина Виница беше и сеуште е со блокирана сметка .Во текот на мојот мандат беше многу тешко да се менаџира со Општината од аспект што моравме да водиме сметка едновремено за раздолжување на Општината ,а воедно и да ги запазиме сите основни функции на Општината ,а исто така имавме и желба што повеќе да се гради и инвестира во инфраструктурни проекти за доброто на граѓаните на Општината .

Што се однесува до долговите мислам дека се успеа воедно и да се намалат значително долговите на Општината и да се инвестираат дел од расположливите средства претежно во инфраструктурни проекти. Настојувавме да штедиме финансиски средства од ставкитге како што се:плати и надоместоци,патни трошоци, репрезентации, надоместоци за советници, купување мебели и потребни канцелариски материјали се со цел да се инвестираат повеќе финансисики средства за раздолжување и во инфраструктурни проекти што ќе значат развој за нашата Општина.

При такви услови на работа во рок од 4 години нормално е да сме направиле и некои грешки и пропусти кои вие ги наведувате во вашиот извештај.Но тие се биле ненамерни и во никој случај не сум дозволил да го оштетат буџетот на општината и граганите и сум настојувал секогаш секоја извршена работа да ја кошта Општината што помалку финансиски средства.

Исто така напоменувам дека многу ретко сум наплатувал патни сметки и други било какви трошоци освен мојот надомест за плата.Во ниту еден момент не сум размислувал финансиски да ја оштетам Општината на било кој начин а за моја лична незаконска финасиска добивка.Напротив- дури и голем дел од мојот надомест за плата сум ја трошел за помагање на граганите,спортски клубови и многу општински помали трошоци како што се репрезентации и трошоци за патување сум ги покривал од мојата плата,а поголемот дел од мојот мандат во недостаток на возило сум го користел моето возило.

Напоменувам дека цело време не сум гледал никаков личен бенефит , апосебно со оглед на тоа дека буџетот на моите фирми е 4-5 паи поголем од буџетот на Општината.

За конкретните вакви забелешки во извештајот би сакал да коментирам:

1)За извештајот -сметка на приходи на буџетот на дотации(930) - немам некој посебен коментар и забелешки ;

2)За извештајот -сметка на расходи на буџетот на дотации(937) - немам некој посебен коментар ;

3) За извештајот -сметка на основен буџет(630)- би сакал да искоментирам две работи:

10.2.1 -За да не го оптеретиме буџетот на Општина Виница со ново вработување од надвор на местото вантрешен ревизор - планирав да поставам лице веке вработен во Општината(од одделението за финасии) за која цел лицето посетуваше и обуки и

семинари,но подоцна одби и не го прифати работното место вантрешен ревизор.

10.1.4-Не се секавам да сум скучил никаков договор за издавање општински имот под наем на друго физичко или правно лице без да се спроведе претходна постапка.Евентуално тие договори биле склучувани пред 2005 год. и евентуално можеби некои од тие доколку биле истечени договорените рокови сум ги продолжил под истите услови.

4)За извештајот -сметка за основен буџет(637) ги имам следниве забелешки и коментари.

4.3.1. 4.1 Што се однесува до исплакањата на финасиски средства до здруженија на граѓани и фондови,спортски клубови,хуманитарни организации и невладини организации средствата се исплакани по претходно донесена одлука пд совет и усвоена програма или конретна активност на дотичната организација.

Доделувањата на финасиска помош на физички лица е или по одлука на совет или за помали дозволени износи директно јас како градоначалник. Тука претежно се оденсува на социјално загрозени граѓани и во помали износи и трансферот на средствата е вршен директно на нивните банкарски или трансакциски сметки.Но не сме го пречекориме износот предвиден за таа намена во буџетот на Општината.

4.3.3-За забелешката дека за набавените материјали во износ 1 722 000 ден. не е приложена документација каде се вградени.Сите овие материјали се набавени со спроведена постапка за набавка. Приемот е вршен на лице место на објектот кој се вградува од надлежно овластено лице во Општината .За нивно вградување сме користеле работници,организации со договор за дело.Тоа сме го правеле од аспект општината да ја кошта помалку,а воедно и да ги вработиме и ангажираме сограѓани кои се без работа и без приходи.

За вградените материјали сега ви доставуваме опис каде се вградени.Заради евентуална проверка најодговорно тврдам дека

можеби во оваа постапка има неправилност ,но дека сите тие материјали се вградени на наведените места и во целата постапка нема никаква злоупотреба од било кој и било чија страна.

5.3. 4.4.2 За забелешката за неспроведена постапка за јавни набавки коментарот е :

Многу набавки или извршени работи од страна на ЈП Солидарност за сметка на Општината не е спроведена директна постапка за јавна набавка бидејќи Општината е основач на ЈП Солидарност кое работи по усвоена годишна програма усвоена од советот на Општината .А бидејќи во составот на ЈП Солидарност има и градежна група -оператива,Општината е должна да помогне во опстојувањето на таа градежна група.Исто така во својата редовна активност ЈП Солидарност изведува и одржува водоводи и канализации и произведува бехатон плочки кои ги вградува по улиците и тротоарите во Општината .

Во целата оваа работа не гледам неправилност, а уште помалку можност за злоупотреба на било какви финсиски средства .Во прилог сакам да кажам дека ЈП Солидарност беше едно од поуспешните општински ЈП во Ребуликата со релативнна ниска цена на водата и губрарината.

Преглед 4.4.3 За набавката на песок од фирмата "Голд Стар" Гоки-Виница со износ од 88 000 ден.

Песокот е користен на разни места во помали количини претежно за монтажа на бехатон плочки и е фактурирано на една фактура .Тоа се гледа од испратницата.

Преглед 4.4.4 Набавка на разни стоки од "АСГ Комерц"-Виница од приложените испратници се гледа дека се вршени посепено набавки на материјали во помали износи и при секоја набавка на испратницата е потпишано лице од Општината кое ја извршило набавката.

5.5. 4.4.5 За изведбата на земјени работи на улици во с.Лески и во с.Трсино и зголемениот износ во однос на она што е предвидено со постапката за јавни набавки и склучениот договор (331000-

188000=143000 ден).Во тоа време се асфалтираа наведените улици во с.Лески и с. Трсино-асфалтерските работи ги изведуваа АД " Гранит" а земјените работи "Баунвест"-Виница.И двете улици беа предвидени да се асфалтираат нецелосно (некаде до пола), но жителите на овие села интервенираа и бараа да се доврشат улиците комплетно и да не се остават за мал износ незавршени и затоа ние одлучивме да ги довршиме комплетно за да не останат за други години.Затоа мораше итно да се реагира да се постави шљунакот за да може додека се машините за асфалтирање на лице место за да се постави комплетно асфалтот и да се доврشат уличките .Од таму се јавува наведената разлика.

Се надевам дека овие мои коментари и забелешки се издржани и дека ке допринесат за разјаснување на некои делови од извештајот.

Поздрав

Марјан Костадинов

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештаите за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Виница

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Виница за 2009 година на – сметка на основен буџет (630) добиени се забелешки од актуелниот градоначалник на општината, под број 05-368 од 16.11.2010 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-199/10 од 18.11.2010 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешките се однесуваат на наодите од точките: 4.1.1. и 4.3.1. . Истите се разгледани и е утврдено следното:

Забелешката на наодот од **точка 4.1.1. не се прифаќа**, од причина што нема карактер на забелешка туку известување дека надлежните во Одделението за уредување на градежно земјиште почнале да постапуваат по препораката дадена од ревизијата. Пресметката се парафира од лицето кое ја изготвува и лицето кое врши контрола и се приложува во досието како доказ.

Забелешките на наодот од точка 4.3.1. **не се прифаќаат,** бидејќи не е доставен доказ за извршено усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности на Република Македонија и усогласување на базата на правни лица со Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи. Согласно член 39 точка 2 од Законот за даноците на имот општинската администрација има обврска на редовно усогласување на состојбата на регистарот не недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности на Република Македонија. Што се однесува до базата на правни лица неусогласеноста е во делот на преземената база од Управата за јавни приходи а не во делот на ново регистрираните правни субјекти.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештаите за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Општина Виница

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на општина Виница за 2009 година на – Сметка на основен буџет (630) добиени се забелешки од поранешниот градоначалник на општината, кој за дел од периодот на ревизија односно до 31.03.2009 година бил одговорно лице. Забелешките се доставени во законски утврдениот рок и се заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-199/9 од 16.11.2010 година.

Составен дел на Нацрт извештајот е и Прилог 1 во кој се презентирани резултатите од преземените мерки по дадените препораки од Конечниот извештај од 2005 година.

Забелешките всушност претставуваат коментари по дадените препораки по наодите од Конечниот извештај од 2005 година и се однесуваат на препораките по наодите од точките 10.2.1. и 10.1.4.

За препораката по наодот од точка 10.2.1. е наведено дека истата не е спроведена и Општина Виница нема воспоставено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола а коментарите се кои се причините за таквото постапување.

За препораката по наодот под точка 10.1.4. е наведено дека истата е спроведена и Договорот за издавање под закуп на деловен простор со „ГЕА„ компјутери од Виница, склучен во 2001 година е раскинат. Коментарот за оваа активност на градоначалникот е дека не се сеќава дали склучувал договори за издавање под закуп без да се спроведе постапка.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________

**Прилог бр. 3**

## Резултати

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2005 година за сметката на основен буџет (630) на Општина Виница

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **5.1. Наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи** | | | |
| 10.1.1. | 10.1.1. Наплатата на комуналната такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност се врши без издавање на решение | Одговорните лица за евиденција и наплата на комуналните такси подоследно да ги следат и почитуваат законските прописи, заради остварување на поголеми приходи на општината. | Спроведена | - |
| 10.1.2. | 10.1.2. Општина Виница во 2005 година остварила приходи во износ од 1,096 илјади денари од правни | Да се прекине праксата за пресметување и наплата на градска рента која согласно | Спроведена | - |

*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________________
*2.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*

--------------------------------------

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | лица по основ на рента за користење на градежно земјиште, која што согласно измените во Законот за градежно земјиште (Сл. весник на РМ бр. 53/2001), не е законска категорија, со што правните лица немаат законски основ за плаќање на овој надомест. | позитивната законска регулатива не е приход на општината. | | |
| 10.1.3. | 10.1.3. Со состојба на ден 31.12.2005 година Општина Виница има побарувања за надомест за уредување на градежно земјиште во износ 2,074 илјади денари, поради овозможени плаќања на рати што не е предвидено со Програмата за уредување на градежно земјиште и улици и кои не се обезбедени со инструменти за обезбедување на плаќањата. Овие побарувања потекнуваат во период од 1999 до 2005 година, а општината нема преземено мерки за наплата на овие побарувања, ниту пак извршила отпис на законски застарените побарувања, спротивно на Законот за | Надлежните служби во општината доследно да ги следат и почитуваат законските прописи, заради остварување на поголеми приходи на општината и да превземаат мерки за наплата на побарувањата согласно позитивните законски прописи. | Не спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | облигации. | | | |
| 10.1.4. | 10.1.4. Општина Виница во 2001 година има склучено договор за издавање под закуп на деловен простор со ГЕА компјутери од Виница, во кој не е наведен периодот на користење на просторот кој општината го издава под закуп. | Надлежните служби да преземат мерки за ревидирање на договорот или да покренат постапка за склучување на нов договор за издавање под закуп на општинскиот имот согласно важечките законски прописи. | Спроведена. Договорот е раскинат. | - |
| 10.2.1. | 10.2.1. Општина Виница нема воспоставено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Немање на редовна внатрешна сметководствена контрола овозможува ненаменско трошење на јавните средства и зголемени расходи. | Да се воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола со што ќе се обезбеди финансиските трансакции да се вршат согласно законските прописи, а финансиските извештаи да обезбедат целосни, вистинити и веродостојни информации за финансиските трансакции. | Не спроведена | - |
| 10.2.2. | 10.2.2. Во сметководството не се евидентирани побарувањата за надоместокот за уредување на градежно земјиште и закупнините од издавање под | Надлежното одделение да воведат евиденција на побарувањата по основ на надомест за уредување на градежно земјиште и | Спроведена | - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | закуп на општинскиот имот. | закупнини | | |
| 10.3.1. | 10.3.1. Вкупните приходи и вкупните расходи се преценети во износ од 16,660 илјади денари, поради погрешна примена на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, односно не примена на принципот на парично искажување на промените. | Да се почитува буџетскиот принцип на искажување на расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. | Спроведена | - |
| 10.4.1. | 10.4.1. Ставките Побарувања и Пасивни временски разграничувања се потценети за износ од 2,074 илјади денари за неевидентираните побарувања од физички и правни лица за надомест за уредување на градежно земјиште. | Да се воведе аналитичка евиденција на побарувањата согласно позитивните законски прописи | Спроведена | - |
| | | | | |